РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr 12-1216/3
01-12-2020 г./v.

Врз основа на член 22 и член 23 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 40 и 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава за корупција од подносителот ----- ------------ од Скопје, Државната комисија за спречување на корупцијата на 42-та седница одржана на ден 27.11. 2020 година донесе

**Одлука**

Постапката по предметот број 12 - 4022 од 2019 година, оформен по пријава број 12 - 4022 /1 од 23.08.2019 година доставена од подносителот ----- ------------ од Скопје, **СЕ ЗАПИРА.**

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за натамошно постапување во предметот 12-4022 од 2019 година.

Предметот со број 12-4022 од 2019 година, да се затвори и да се архивира.

До подносителот на пријавата да се достави Одлуката на ДКСК, со образложението.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата, со образложението – во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Образложение

Предметот со број 12 - 4022 од 2019 година е оформен по пријава број 12 - 4022 /1 од 23.08.2019 година, доставена на електронската адреса на Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК), од познат подносителот ----- ------------ од Скопје.

Во доставената пријава изнесени се наводи за долгогодишен проблем во Општина Кисела Вода - населба -- -----------, за улицата ----- -----------, по однос на несанирани ископи и дупки, оштетен асфалт и за незадоволство од постапката за започната санација од страна на Општината, која одела многу бавно и во која не се одело по решението за санација и изградба од ДУП.

При разгледувањето на предметниот случај, ДКСК ги зема во предвид наводите на подносителот и во насока на утврдување на фактичката состојба, достави барање до Општина Кисела Вода за податоци и информации во врска со предметниот случај. По барањето на ДКСК доставено е бараното известување и по разгледувањето на целокупната документација со која располага за предметниот случај од страна на ДКСК утврдена е следната фактичка состојба::

-Во конкретниот случај станува збор за наводи за незадоволство на жителите од предметната населба за неажурност на Општина Кисела Вода поради бавниот процес на санација на улицата ------- ------------ која била започната пред неколку месеци и при која не се почитувало решението за санација и изградба од ДУП односно, наместо улицата да имала два тротоари од двете страни и широчина од 8 метри, ќе ја правеле само 3 метри и еден тротоар.

Подносителот на пријавата бара ДКСК да му посочи лице за контакт за помош заради решавање на предметниот проблем, а во прилог на пријавата приложени се неколку печатени фотографии од местото .

-По извршени проверки во врска со предметните наводи, од објави во медиуми ДКСК дојде до сознанија дека жителите на предметната населба испратиле допис до медиумите за овој свој проблем, во кој наведуваат дека процесот на санација на раскопаната улица се одвивал бавно и дека во меѓувреме ЈП „Водовод и канализација" направиле интервенции во нивен домен поради пукната цевка , кои навремено ги завршиле ,па жителите се прашуваат дали и кога општината ќе ја заврши санацијата на улицата.

Граѓаните од овој дел на општината биле загрижени што ниту едно од семејствата, не било во можност да влезе со својот автомобил до своите домови, а станувало збор за повеќе од 50 -на куќи, што било уште позастрашувачки, во случај на ненадеен пожар, противпожарно возило немало да биде во можност да се пробие, а уште помалку амбулантно возило во случај на итна помош. На оваа улица живееле и повозрасни луѓе, кои не можеле да се пробијат ниту до најблискиот маркет.

-На 11.03.2020 година, на барање на ДКСК добиен е одговор од Општина Кисела Вода со кој известуваат дека санацијата на предметната улица била предвидена со Подпрограма (ЈДО) - Изградба и реконструкција на локалните патишта и улици Општина Кисела Вода. Со цел реализација на Подпрограмата, била спроведена поедноставена отворена постапка за јавна набавка, по пат на која било избрано правното лице ----- --------- --- Скопје како носител на набавката и со истиот бил склучен Договор за изградба и реконструкција на локални патишта и улици на територијата на Општината на 26.06.2019 година . Како резултат на склучениот Договор, со Налог за работа, издаден од страна Општина Кисела Вода на ден 24.10.2019 година, на носителот на набавката му било наложено да започне со санација на ул. „------- ------------ ----" во населбата --- ----------- – -------- на територија на општина Кисела Вода по воведување на работата во градежен дневник. Со Записник за извршен технички прием сочинет на ден 28.02.2020 година, било потврдено целосното спроведување на санацијата на конкретната улица и можноста од нејзино пуштање во употреба. Санацијата на предметната улица била успешно спроведена и во моментот на доставување на одговорот до ДКСК таа била целосно завршена.

Врз основа на вака утврдената фактичка состојба, во предметниот случај не е констатирана повреда на закон, а ДКСК констатира и дека за случајот е постапено од страна на наведената Општина која преземала соодветни активности во насока на решавање на конкретниот проблем и целосно и успешно била спроведена санацијата на конкретната улица со што била создадена можност за нејзино пуштање во употреба, што значи дека во случајот променета е фактичката состојба по однос на предметните наводи. Со оглед на констатираното, ДКСК оцени дека нема елементи за свое натамошно постапување во предметниот случај, постапката по предметот се запира, а предметот да се затвори и да се архивира.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**Одлучено на ден 27 ноември 2020 година под бр. 12- 1216/3**

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик Претседател,**
**Софка Пејовска Дојчиновска**

Доставено до : Архива и Подносител

Изработил: Ј.Ц., советник
Одобрил : м-р Ш.С.,член на ДКСК